# Политика за здравје, безбедност и животна средина на Македонски Телеком АД Скопје

- Здравјето, безбедноста и животната средина се незаменливи компоненти од нашиот корпорациски успех и истите сочинуваат битен фактор во нашата економска ефикасност, квалитетот на нашата работа, корпоративната култура и задоволството на нашите вработени.
- Затоа, ние ја преземаме општествената одговорност да ги заштитиме нашите вработени и животната средина, прилагодувајќи ги нашите мисли и дејствија кон еден одржлив бизнис модел во интерес на идните генерации.
- Осигурувањето на квалитет на нашите производи и услуги, здравјето и безбедноста на нашите вработени и заштитата на животната средина се три од нашите приоритети и важни цели на нашата компанија. Токму затоа нашиот менаџмент презема директна одговорност за нив. Користиме модерен систем за управување за да се осигураме дека нашата политика е ефективно спроведена.
- Претпазливо постапуваме, разбирајќи ги законските регулативи како минимум барања коишто се стремиме да ги надминеме согласно нашата стратегија за корпоративна одговорност на Групацијата.
- Работиме за постојано да го подобруваме здравјето, безбедноста и животната средина во нашите национални како и во меѓународните единици на Групацијата и ги мериме подобрувањата со соодветни клучни показатели за извршувањето на работата - КПИ.
- Активно ги вклучуваме нашите вработени и менаџери во сите наши мерки. Заедно со нашите изведувачи и набавувачи, тие се обврзани да постапуваат согласно регулативите за здравје, безбедност и животна средина и да осигураат дека истите се имплементирани.
- Се стремиме да изнајдеме решенија за нашите производи и услуги со кои ќе заштедиме повеќе енергија, да ги зачуваме ресурсите и да спречиме негативно влијание врз здравјето, во согласност со нашите високи стандарди за квалитет.
- Постојано ја информираме јавноста и нашите акционери за нашата ангажираност во поглед на здравјето, безбедноста и животната средина и на тој начин промовираме конструктивен дијалог.
- Личната одговорност и управувањето од страна на квалификуваните извршни лица треба да им овозможи на сите менаџери и вработени низ светот да дејствуваат на начин којштто ги промовира нивните најдобри способности во Дојче Телеком што се смета како исполнување на нивните одговорности.

Скопје, април 2018 година

Главен извршен директор
Андреас Елснер

Главен оперативен директор
Горан Трајановски

Верзија 5

Македонски Телеком АД Скопје, сите права се зачувани

БесТел – овластен превод